Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ........ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-50/12 од 14.2.2013 година, донесена на 45. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 13.2.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** *за научната област економска теорија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

- доц. д-р Круме Николоски - (претседател);
- доц. д-р Александар Костадиновски;
- доц. д-р Крсте Шајноски

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник” и „Лајм”, на 25.12.2012 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Дарко Лазаров.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во дневниот весникот „Дневник” и „Лајм” на 25.12.2012 година, за научната област економска теорија покрај другите пријавени кандидати се пријави и кандидатот м-р Дарко Лазаров кој ги достави потребните документи, според Конкурсот и тоа:

- пријава;
- уверение за државјанство;
- три копии заверени кај нотар од дипломата за постдипломски студии;
- магистерски труд во печатена форма;
- уверение за стекнат степен магистер на економски науки;
- кратка биографија во четири примероци;
- потврда од англиски јазик;
- копија од изјава-образец бр.1 од Комисијата за верификација на факти;
- список на објавени научни и стучни трудови и фотокопија од истите.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дарко Лазаров** е роден на 8 април 1984 год. во Штип. Средно образование завршува во 2002 година во Гимназија „Славчо Стојменски” - Штип, а Економски факултет завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во предвидениот временски период, со високо просек. Веднаш по завршувањето на студиите се запишува на постдипломските студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кои ги завршува во 2009 год. со просек 9,75, со одбрана на магистерската работа на тема од „*Макроекономијата (сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија)*“, при што се здобива со академска титула магистер на економски науки. Има пријавено и работни на својата докторска дисертација со наслов „Фактори кои го детерминираат растот на македонската економија во контекст на институционална економија и нова теорија на раст” од јули 2011 година. Од јули 2007 е

ангажиран како помлад асистент на област економска теорија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде покрива предмети како: Основи на економија, Макроекономија, Микроекономија и Економија на развој. Кандидатот одлично ги владее англискиот и српскиот јазик. Има одлични познавања од компјутерската литература и бројни сертификати за работа со компјутери, комуникациски вештини и јавен настап и јавни дебати од областа на економијата (учество на економска емисија на локална телевизија, учество на дебата за анализа на економските политика на Владата на Република Македонија организирана од Институтот за економски стратегии и меѓународни односи, учество на дебата за економските ефекти од проектот „Скопје 2014” во организација на Институтот „Павел Шатев“). Учествува во повеќе активности на Универзитетот „Гоце Делчев” и Економскиот факултет - Штип. Во 2008 година кандидатот има посетено летна школа за постдипломски студии по економски науки во Cervia – Италија под покровителство на Државниот универзитет во Болоња, каде што има успешна одбрана на својот *working paper* на тема „Неформалната економија во Русија“. Тој е автор и коавтор на голем број научни трудови и истражувања во домашни и меѓународни зборници, притоа учествува на повеќе домашни и меѓународни конференции. Во 2011 и 2012 година публикува две меѓународни книги од областа на економската теорија. За неговите знаења и вешти од областа на економијата има добиено препораки од повеќе професори, меѓу кои се проф. д-р Димитар Ефтимоски, проф. д-р Гоце Петрески и други.

Од јули 2011 година кандидатот е запишан на докторски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов „*Аналиаза на факторите кои ја детерминираат динамиката на македонската економија во контекст на институционална економија и нова теорија на раст”*. Од 1 јули 2007 год., м-р Дарко Лазаров е вработен како помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на Економски факултет (на областа економска теорија), а во 2010 година е избран како асистент на истата област, каде што покрива предмети (во последните два семестри за учебната 2011/2012 год.) како:

- Основи на економија (Штип, Радовиш и Струмица) 2+2+2;
- Микроекономија (Штип, Радовиш и Струмица) 1+1+1 ;
- Макроекономија (Штип, Радовиш и Струмица) 2+1+1;
- Економија на развој 1+1+1.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Дарко Лазаров достави список на ***објавени меѓународни книги*** со кои се согледува научната активност:

1. Dushko Joshesi and **Lazarov, Darko**: **The Wrings in Applied Economics – part1**, LAP LAMBERT Academic Publishing, ISBN: 978-3-8484-3237-0, 2011.
2. 2. **Lazarov, Darko** and Dushko Joshesi; **The Wrings in Applied Economics – part2**, LAP LAMBERT Academic Publishing, ISBN: 978-3-659-25941-8, 2012.

Кандидаот м-р Дарко Лазаров достави список на ***објавени научни и стручни трудови*** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

- **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko: **Macroeconomic Analysis of Trade in Some CEE Countries** (July 7, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1881133
- **Lazarov, Darko**, Josheski, Dushko, Fotov, Risto ,and Koteski, Cane: **Institutions and Growth Revisited: OlS, 2SLS, G2SLS Random Effects IV Regression And Panel Fixed (within) IV Regression with Cross-Country Data** (October 2, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1937349
- Josheski, Dushko, **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane: **Cobb-Douglas Production Function Revisited, VAR and VECM Analysis and a Note on Fischer/Cobb-Douglass Paradox** (September 20, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1931117
- **Lazarov, Darko**, Josheski, Dushko,Koteski, Cane and Fotov, Risto**: IS-LM Model for the US Economy: Testing in JMULTI** (October 10, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1941631

– Josheski, Dushko, Koteski, Cane and **Lazarov, Darko**: **Empirical Testing of Balassa-Samuelson Hypothesis with German and UK Data** (September 29, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1935644
– Josheski, Dushko, **Lazarov, Darko,** Fotov, Risto and Koteski, Cane**: Causal Relationship between Wages and Prices in UK: Vecm Analysis and Granger Causality Testing** (October 13, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1943624
– Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko**: **Nominal Effective Exchange Rate Neutrality: The Case of Macedonia** (April 10, 2012). CEA Journal of Economics ISSN 1857-5269 UDK 33 Volume 7, Issue 1 Skopje, June 2012. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=2037839 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.2037839
– Josheski,Dushko and **Lazarov, Darko**: **Exchange Rate Volatility and Trade: A Meta-Regression Analysis**. GRP International Journal of Business and Economics ISSN 2048-8556, Vol. 1. No.1 2012, PP. 24-49. Available at www.gloresearch.org or SSRN: a http://papers.ssrn.com/abstract_id=2077678
– **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko: **International Trade and Economic Growth: Cross-Country Evidence**. GRP International Journal of Business and Economics: in progress. Available at: http://papers.ssrn.com/abstract_id=2098972
– **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko**: Labor Market and Natural Rate of Unemployment in US and Canadian Time Series Analysis** (November 13,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1959088
– **Lazarov, Darko,** Josheski, Dushko and Koteski,Cane**: Analysis of the Optimal Size of Government Consumption** (July 07,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1880905
– Josheski,Dushko, Cane Koteski and **Lazarov, Darko**: **Monopolistic Competition: Critical Evaluation the Theory of** Monopolistic Compatition with Specific Reference to the Seminal 1977 Paper by Dixit and Stiglitz (September 29,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1935585
– Josheski,Dushki **Lazarov, Darko,** Cane Koteski and Zlatko,Jakovlev: **The World Energy Production, Consumption and Productivity in the Energy Sector, Population and the Per Capita Growth: Regression Analysis** (October 27, 2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1950426
– Josheski,Dushko and **Lazarov, Darko**: **Feldstein-Horioka Puzzle for Panel of 14 CEE Countries: Empirical evidence** (June 20,2012). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=2088247

1. **Lazarov,Darko**: **Informal economy in Russia**, 14th CEI International Summer School – Economic transition, Enlargement process and globalization, 2008, University of Bologna.
2. **Lazarov, Darko** and Krume, Nikoloski: **Impact of Recession on the Macroeconomic Variables in Republic of Macedonia**, ISBN 978-954-21-0489-6, Science and economics, 2010, University of Varna
3. **Lazarov, Darko** and Krume, Nikoloski: **Macroeconomic policy in recession and post-recession period in Republic of Macedonia**, International conference: The Economy and Business in post-recession, Faculty of Economics – Prilep, 2010
4. **Lazarov, Darko** and Risto,Fotov: **Economic Analysis of Food Industry in Republic of Macedonia**, Food science, engineering and technologies - 2011, University of Food Technologies- Plovdiv
5. **Lazarov, Darko** and Risto Fotov: **Factor analysis of economic growth (Case study: Republic of Macedonia)**, ISBN 978-954-23-0686-3, Tsenov Acasdemic Publishing House Svishtov, Bulgaria, 2011

1. **Lazarov, Darko:, The regime of exchange rate**, Yearbook Vol.2, Faculty of Economics, University "Goce Delchev" Stip, 2010
2. **Lazarov, Darko**:, **Other instrument of trade policy**, Yearbook Vol.2, Faculty of Economics, University "Goce Delchev" Stip, 2010

3. **Lazarov, Darko**: **Foreign direct investments in Central and Eastern Europe**. Yearbokk Vol.1, Faculty of Economics, University “Goce Delchev” Stip, 2009
4. **Lazarov, Darko and** Krume, Nikoloski**: Neoclassical** theory of exogenous growth (Solow-Swam model of growth): Yearbook Vol3., Faculty of Economics, University “GoceDelchev” Stip, 2011
5. **Lazarov, Darko** and Dushko,Josheski: **Empirical testing of Solow-Swan growth model**, Yearbook Vol.3, Faculty of Economics, University “GoceDelchev” Stip, 2011
6. **Lazarov, Darko**: **Poverty, Inequality and quality of life in Republic of Macedonia**, master’s thesis, Institute of Economics, Skopje, 2009

***2. Научна и стручна активност***

Кандидатот м-р Дарко Лазаров има објавено бројни научни и стручни трудови со кои се согледува научната активност на кандидатот од кои поважни се следниве:

**Евалуација на трудот број 1:**

**“POVERTY, INEQUALITY AND QUALITY OF LIFE IN REPUBLIC OF MACEDONIA”**

**„СИРОМАШТИЈА, НЕЕДНАКВОСТ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Во трудот е направен обид да се навлезе во суштината на развојната економија од аспект на концептот на човековиот развој, со посебен акцент на сиромаштијата како најзначаен проблем на развојната економија. Притоа, тежиштето е ставено на концептот на човековиот развој и сиромаштијата во Република Македонија, и квалитетот на живот на македонските граѓани.

Кандидатот го насочува својот напор кон аналитична разработка на концептот на човековиот развој и сиромаштијата и нееднаквоста како хроничен проблем со кој се соочува Република Македонија. Република Македонија треба да се насочи кон таква развојна политика која ќе го зголеми производството (БДП), но во исто време таквиот раст треба да се трансформира во повисоко ниво на човеков развој, намалување на сиромаштијата и подобрување на квалитетот на живот на луѓето. Во состојба на висока стапка на невработеност и сиромаштија, мерките на Владата треба да бидат таргетирани кон подобрување на таквата состојба.

**Евалуација на трудот број 2:**

**“FOREIGN DIRECT INVESTMENTS IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE”**

**„СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА“**

Трудот ја потенцира важноста на странските директни инвестиции за земјите од ЦЕИ, но во исто време се презентираат мерките и политиките кои треба да ги преземат националните влади како би постигнале најголема ефикасност и како најдобро би го искористиле приливот на странските директни инвестиции во нивните национални економии. Капиталните инвестиции од странство подразбираат воспоставување на операции на локално ниво за производство и дистрибуција на добра и услуги.

Странските директни инвестиции во Централна и Источна Европа се насочени кон финансирање на производствени капацитети, особено во автомобилската индустрија, електрониката, индустријата за лекови, но исто така вклучувајќи ги банкарскиот сектор, телекомуникациите и транспортниот сектор. СДИ во ЦИЕ одиграа важна улога во остварување на повисоки стапки на економскиот раст и подобрување на економските перформанси. Теоретската разработка на СДИ и мерките за нивно привлекување во рамките на трудот се од голема важноста за земјите и владите на земјите од Централна и Источна Европа, со цел привлекување на што е можно повеќе странски инвестиции.

**Евалуација на трудот број 3:**
***“OTHER INSTRUMENTS OF TRADE POLICY”***
***„ДРУГИ ИНСТРУМЕНТИ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА“***

Цел на овој труд е да се анализираат инструменти на надворешно-трговската политика, и да се истакне нивната важност за секоја национална економија од аспект на зголемување на националната конкурентност, да се подобри состојбата во билансот на плаќање, а од друга страна да не придонесе кон негативни влијанија за другите земји учеснички во надворешната трговија и да не се попречи процесот на либерализација кој воедно преставува тренд во денешната меѓународна трговија.

Царината преставува најчесто користена мерка во рамките на надворешно трговската политика. Меѓутоа со оглед на голем број фактори и ограничувања вклучувајќи ги и настојувањата на WTO за намалување на царините во надворешната трговија помеѓу земјите се поголемо значење имаат т.н. други инструменти на надворешно трговската политика. Во овие инструмунти се вклучени: Извозни субвенции, доброволни извозни ограничувања, увозни квоти, барања за локална компонента.

**Евалуација на трудот број 4:**
**“THE REGIME OF EXCHANGE RATE”**
**„РЕЖИМИ НА ДЕВИЗНИОТ КУРС“**

Трудот ги елаборира различните режими на девизен курс што се применуваат од страна на националните економии, како и предностите односно слабостите на одделни режими на девизни курсеви. Девизниот курс ни ја покажува цената по која една валута се разменува за друга. Девизниот курс има големо влијание врз макроекономски агрегати, вклучувајќи ги монетарната и фискалната политика и секако влијанието врз вкупната економска активност во секоја економија. Девизниот курс во една национална економија може да врши некои мошне значајни функции. Тука, во прв ред, се мисли на улогата на девизниот курс во: нивелирањето на домашните и странските цени, рационална ориентација на националната економија во производството и надворешно - трговската размена, урамнотежување на билансот на плаќање, автоматската распределба на добрата и услугите и капиталот помеѓу различните национални пазари, остварување на платниот промет со странство итн.

Постојат повеќе видови на девизниот курс, тие се класифицирани како: фиксен, флексибилен, флуктуирачки, раководно флексибилен (приспособливи) и повеќекратни девизни курсеви. Секој од овие режими на девизниот курс може да биде применуван во рамките на националната економија.

**Евалуација на трудот број 5:**
**“INFORMAL ECONOMY IN RUSSIA“**

Трудот ја анализира неформалната (сивата) економија во руската економија. Сивата економија привлекува сè поголемо внимание од економската јавност во земјите во транзиција, заради фактот што има растечка тенденција во овие економии. Во рамките на трудот е направена теоретско истражување на сивата економија, формите на неформална економија што можат да се сретнат во земјите во транзиција, посебно во руската економија. Неформалната економија има негативни последици за просперитетот на секоја земја, па во таа насока во трудот се презентирани некои мерки и препораки за начините преку кои може да се намали сивата економија. Во однос на теоретската разработка на сивата економија се направени практични истражувања и анализа на руската економија, како најистакната земја во транзиција од регионот на Централна и Источна Европа.

**Евалуација на трудот број 6:**
**„Емпириско тестирање на Баласа – Семјуелсон хипотезата со специфичен осврт на стручниот труд на Џефри Пју и Боб Бичил од 1998 година“**

Постојат многу студии коишто ја тестираат Баласа-Семјуелсон хипотезата, позната како Херод-Баласа-Семјуелсон ефектот. Едно од можните објаснувања е дека БДП пер капита не е добро објаснување за разликите во продуктивноста на трудот; зголемување (намалување) во релативната ефикасност на секторот за распределба со соседните земји

која индуцира депрецијација (апрецијација) на девизниот курс. Откако го добивме бројот на коинтегрирачките вектори продолжуваме да видиме дали коинтегрираните вектори ни кажуваат нешто за соодносот на долг рок во нашиот модел. Likelihood ratio тестот на точно идентификувани ограничувања покажува дека константата е несигнификантна варијабла и можеме да потврдиме дека постои долгорочен сооднос во кој промените во девизниот курс се позитивно корелирани со промените на соодносот на германскиот индекс на потрошувачки цени (CPI) според индексот на цени во малопродажбата во Велика Британија. За да го тестираме релативниот паритет на куповна моќ (PPP) и да го поддржиме теоретскиот сооднос помеѓу варијаблите, ограничувањата се поставени на PPP, знаејќи дека PPP и надолното движење во серијата покажува зголемување на нивото на цени во Велика Британија релативно според нивото на цени во Германија. Во нашиот Error correction model постои Error correction mechanism и коефициентот на векторот на коинтеграција ја мери стапката според периодот по кој ендогените варијабли се приспособуваат. Во првата равенка Error correction mechanism е несигнификантен и негативен. Ако системот е надвор од еквилибриум, движењата на промените во девизниот курс ќе бидат надолни (се друго ceteris paribus) компензирајќи по 68% од дисеквилибриумот годишно. Во втората равенка Error correction mechanism е исто така несигнификантен но позитивен. Што значи дека ако системот е во дисеквилибриум промената на соодносот на германскиот CPI според британскиот индекс на потрошувачки цени ќе расте надоместувајќи 15% од дисеквилибриумот по година додека еквилбриумската стапка на девизен курс ќе биде достигната. Моделот имплицира дека соодносот на продуктивноста на трудот во Германија и Британија нема значајно влијание на објаснувањето на релативната промена на цените, ниту на девизниот курс спротивно на студијата на Beachil и Pugh (1998).

**Евалуација на трудот број 7:**

**“Institutions and Growth Revisited: OlS, 2SLS, G2SLS Random Effects IV Regression And Panel Fixed (within) IV Regression with Cross-Country Data“**

**Со** овој труд се посетуваме на моделите на институции и раст. економетриски техники се применуваат на крос-кантри податоци, само за да се потврди априори знаењето дека ефектот на институциите врз растот е позитивен и високостатистички значаен. Овој доказ е потврден од страна на сите четири модели. OLS се покажа како подобра техника за нашите податоци од 2SLS, ова едноставно затоа што overidentification тестот покажа дека инструментите не може да се сметаат егзогени, исто така, Hausman тестот покажа дека OLS е подобар од 2SLS на 1% и 5% ниво на значајност. G2SLS пресметувач и фиксни ефекти панел естимираниот коефициент само ги потврдија резултатите од OLS и 2SLS. Како прокси променлива за институциите се користи променливата владеењето на правото, исто така, како инструменти се искористени револуциите и Freedom house рејтингот како и променливата воени жртви. Исто така, како заклучок тука е дека трговијата има незначителен ефект во влијанието на растот на БДП во споредба со квалитетот на институциите.

**Евалуација на трудот број 8:**

**The Causal Relationship between Patent Growth and Growth of GDP with Quarterly Data in the G7 Countries: Cointegration, ARDL and Error Correction Models**

Оваа емпириска студија ја истражува динамичната врска меѓу растот на патентите и растот на БДП во Г7 економиите. ARDL моделот покажа дека постои позитивен однос во долг рок меѓу кварталниот раст на патенти и кварталниот БДП раст. Error correction терминот сугерира дека 20,6 отсто од приспособувањето назад кон рамнотежата на долг рок на индустриското производство во Г-7 земјите се коригира со 20,6% годишно, по шок, како оној во 1974 година, која во нашата студија е контролирана од страна на квалитативната променлива D74. На краток рок сепак на едно или две заостанувања постои негативен однос помеѓу кварталниот раст на патентите и кварталниот раст на БДП. Постапка на Јохансен за коинтеграција покажа дека на долг рок мултипликаторите се позитивни помеѓу растот на патенти и растот на БДП во Г7 економиите. Гранџер каузалноста (тестот) покажа дека растот на патентите е Гренџер причина за раст на БДП во Г-7 земјите. Неограничениот

VAR покажа дека постои позитивна врска помеѓу растот на патентите и растот на БДП на две или три заостанувања.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област **економска теорија** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријави кандидатот м-р Дарко Лазаров.

Кандидатот м-р Дарко Лазаров ја има поднесено комплетната документација што се бараше во Конкурсот и ги исполнува условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент согласно со Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања и Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" 25/2008) (има завршено магистерски студии, го имаат потребниот просечен успех од студирањето, како и потребните трудови).

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Дарко Лазаров покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на економската наука. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научно истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокатa област и проблематиката што се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Дарко Лазаров ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **кандидатот м-р Дарко Лазаров да го избере во звањето асистент за научната област економска теорија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, доцент - член, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, доцент - член, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на м-р Дарко Лазаров, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | **60** | Број на часови по 0,5 поени за секоја учебна год. | **30** |
| **Научноистражувачка (НИ) меѓународно публикувани книги** | | | |
| 1. Меѓународно публикувани книги<br>2. **1. Writings in Applied Economics - Part I**<br>**Paperback:**120 pages<br>**Publisher:** LAP Lambert Academic Publishing (2011)<br>**Language:** English<br>**ISBN-10:** 3848432374<br>**ISBN-13:** 978-3848432370 | 1 | 15 | 15 |
| 3. **2. Writings in Applied Economics - Part II**<br>**Paperback:**128 pages<br>**Publisher:** LAP Lambert Academic Publishing (2012)<br>**Language:** English<br>**ISBN:** 978-3-659-25941-8<br>**В К У П Н О меѓународно публикувани книги: Научноистражувачка (НИ)** | 1<br>**2** | 15<br>**2*15=30** | 15<br>**30** |
| Магистерски труд<br>„**Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија**” | **1** | **4** | **4** |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>1. **Дарко Лазаров: Режими на девизен курс**, Годишен зборник Vol.2, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2010.<br>2. **Дарко Лазаров: Други инструменти на надворешно трговската политика**, Годишен зборник Vol.2, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2010.<br>3. **Дарко Лазаров и Круме Николоски: Неокласична теорија на егзоген раст (Solow-Swan модел на раст)**, Годишен зборник Vol.3, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2011.<br>4. **Дарко Лазаров,** Ристо Фотов и Душко Јошески**: Емпириска анализа на Solow-Swan модел на раст)**, Годишен зборник Vol.3, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 2011.<br>**В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати** | 1<br>1<br>1<br>1<br>**4** | 1<br>1<br>1<br>1<br>**(4*1 =4)** | 1<br>1<br>1<br>1<br>**4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Труд со оригинални научни резултати (СЦИ/ЦА/останати) Останати Реден број III :12-22 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko: **Macroeconomic Analysis of Trade in Some CEE Countries** International Trade e-Journal Vol3, No.135 (July 7, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1881133 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko**, Josheski, Dushko, Fotov, Risto ,and Koteski, Cane: **Institutions and Growth Revisited: OlS, 2SLS, G2SLS Random Effects IV Regression And Panel Fixed (within) IV Regression with Cross-Country Data** Economic Growth e-Journal Vol.3, No.118 (October 2, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1937349 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski, Dushko, **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane: **Cobb-Douglas Production Function Revisited, VAR and VECM Analysis and a Note on Fischer/Cobb-Douglass Paradox,** Economic Growth e-Journl Vol.3, No111 (September 20, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1931117 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko**, Josheski, Dushko,Koteski, Cane and Fotov, Risto**: IS-LM Model for the US Economy: Testing in JMULTI** Econometrics: Applied Econometric Modeling in Macroeconomics e-Journal Vol.1, No.19 (October 10, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1941631 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski, Dushko, Koteski, Cane and **Lazarov, Darko**: **Empirical Testing of Balassa-Samuelson Hypothesis with German and UK Data** (September 29, 2011). International finance e-Journal Vol.3, No.175. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1935644 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski, Dushko, **Lazarov, Darko,** Fotov**,** Risto and Koteski, Cane**: Causal Relationship between Wages and Prices in UK: Vecm Analysis and Granger Causality Testing** Econometrics: Econometric and Statistical Methods-General Journal Vol.4, No.130 (October 13, 2011). Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=1943624 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko**: **Nominal Effective Exchange Rate Neutrality: The Case of Macedonia** (April 10, 2012). CEA Journal of Economics ISSN 1857-5269 UDK 33 Volume 7, Issue 1 Skopje, June 2012. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=2037839 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.2037839 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski,Dushko and **Lazarov, Darko**: **Exchange Rate Volatility and Trade: A Meta-Regression Analysis**. GRP International Journal of Business and Economics ISSN 2048-8556, Vol. 1. No.1 2012, PP. 24-49. Available at www.gloresearch.org or SSRN: a http://papers.ssrn.com/abstract_id=2077678 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko: **International Trade and Economic Growth: Cross-Country Evidence**. GRP International Journal of Business and Economics: ISSN 2048-8556, Vol. 1. No.2 2012 PP 87-95. Available at: http://papers.ssrn.com/abstract_id=2098972 | 1 | 3 | 3 |
| | 1 | 3 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko**: Labor Market and Natural Rate of Unemployment in US and Canadian Time Series Analysis.**<br>Labor: Supply and demand e-Jornla Vol.3, No.98 (November 13,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1959088 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko,** Josheski, Dushko and Koteski,Cane**: Analysis of the Optimal Size of Government Consumption.**<br>Macroeconomics: Consumption, saving, and wealth e-Journal Vol.4, No40 (July 07,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1880905 Josheski,Dushko, Cane Koteski and **Lazarov, Darko**: **Monopolistic Competition: Critical Evaluation the Theory of Monopolistic Compatition with Specific Reference to the Seminal 1977 Paper by Dixit and Stiglitz**. Industrial Organization: Theory e-Journal Vol 3, No.146 (September 29,2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1935585 | 1 | 3 | 3 |
| Josheski,Dushki **Lazarov, Darko,** Cane Koteski and Zlatko,Jakovlev: **The World Energy Production, Consumption and Productivity in the Energy Sector, Population and the Per Capita Growth: Regression Analysis.** Econometrics: Applied Econometric Modeling Macroeconomics e-Journal Vol.1, No.24 (October 27, 2011). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=1950426 Josheski,Dushko and **Lazarov, Darko**: **Feldstein-Horioka Puzzle for Panel of 14 CEE Countries: Empirical evidence** (June 20,2012). Available at SSRN: http://papers.ssrn.com/abstract_id=2088247 | 1 | 3 | 3 |
| **Lazarov, Darko** and Josheski, Dushko: **New Keynesian macroeconomics: Empirically tested in case of Republic of Macedonia**. Available at SSRN:<br>http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2148941 | | | |
| **В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати (СЦИ/ЦА/останати) останати реден број III :12-22** | **15** | **3*15=45** | **45** |
| Учество на научен собир со реферат - II конференции: | | | |
| 1. **Lazarov, Darko** and Krume, Nikoloski: **Impact of Recession on the Macroeconomic Variables in Republic of Macedonia**, ISBN 978-954-21-0489-6, Science and economics, 2010, University of Varna; | 1 | 2 | 2 |
| 2. **Lazarov, Darko** and Krume, Nikoloski: **Macroeconomic policy in recession and post-recession period in Republic of Macedonia**, International conference: The Economy and Business in post-recession, Faculty of Economics – Prilep, 2010 | 1<br>1 | 2<br>2 | 2<br>2 |
| 3. **Lazarov, Darko** and Risto,Fotov: **Economic Analysis of Food Industry in Republic of Macedonia**, Food science, engineering and technologies - 2011, University of Food Technologies- Plovdiv; | 1 | 2 | 2 |
| 4. **Lazarov, Darko** and Risto Fotov: **Factor analysis of economic growth (Case study: Republic of Macedonia)**, ISBN 978-954-23-0686-3, Tsenov Acasdemic Publishing House Svishtov, Bulgaria, 2011 | **4** | **4*2=8** | **8** |
| **В К У П Н О трудови на научни конференции и собири со реферат -** II конференции | | | |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија<br>Член на уписна комисија | **3** | **3*2=8** | **6** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **30+91+6=127** | | |